Врз основа на чл.17 ст.1, чл.20 и чл.25 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 06/2016, 198/2018 и 248/2018), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Сл.весник на РМ“ број 236/2018), Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот кривичен суд Скопје и согласноста од Министерство за финансии бр. 18-7842/2 од 23.09.2019 година,

**ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС бр.4/2019**
**за вработување на 2 (два) судски службеници на неопределено време на следниве работни места:**

1. **Категорија Г, ниво Г 3, судски референт – дактилограф,**
   **-1-еден извршител**

   **Посебни услови за работното место**
   **-Стручни квалификации:**
   -најмалку вишо или средно образование
   **-Работно искуство:**
   -најмалку 1 година работно искуство во струката
   **-Посебни работни компетенции**:
   - Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски) активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место,

   Основна нето плата 18.069,00 денари; Работни часови неделно: 40; Работно време од 07,30 до 15,30 часот, Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот, Работни денови од понеделник до петок

2. **Категорија Г, ниво Г4, помлад судски референт-доставувач**-
   -1**-еден извршител**

   **Посебни услови за работното место**
   **-Стручни квалификации:**
   - најмалку вишо или средно образование
   **-Работно искуство:**
   -со или без работно искуство во струката
   **-Посебни работни компетенции**:
   - Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски) активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место,

   Основна нето плата 16.724,00 денари; Работни часови неделно: 40; Работно време од 07,30 до 15,30 часот, Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот, Работни денови од понеделник до петок

Кандидатите за судски службеници во постапката за вработување преку јавен оглас, активното познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски) ќе го докажуваат со полагање испит за судски службеник – дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски).

Заинтересираните кандидати покрај наведените посебни услови, предвидени во Законот за судска служба и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот кривичен суд Скопје, треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување, предвидени во чл.21 став 1 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ“ бр.43/14) и тоа:

-да е државјанин на Република Северна Македонија;

-активно да го користи македонскиот јазик;

-да е полнолетен;

-да има општа здравствена способност за работното место;

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Заинтересираните кандидати, се должни да поднесат пополнета пријава за вработување на судски службеник (образец објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 236/18) со приложување на докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место на кое се пријавуваат во оригинал или копија заверена на нотар и тоа:

-Уверение за завршено соодветно образование (со оценки од каде ќе може да се утврди постигнатиот среден успех на кандидатот во соодветното образование)

-Доказ за работно искуство

-Уверение за државјанство

-Лекарско уверение за општата здравствена состојба

-Уверение или потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

-Диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Рокот за пријавување на кандидатите на јавниот оглас е 15 (петнаесет) дена, од денот на неговото објавување во дневните весници.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата со доказите, кандидатите се должни да ја доставаат непосредно во приемното одделение на судот, во работно време или по пошта на адреса: ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ Бул.Гоце Делчев бб Скопје (со назнака за Јавен оглас број - 4/19). Пријавите за вработување може да се подигнат и во приемното одделение на судот во работното време или пак истата да се превземе од интернет страницата на Основниот кривичен суд Скопје.

Ненавремените, нецелосно пополнети, неуредни и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

**Напомена:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**Напомена:** Времето и датумот на одржувањето на административната селекција, испитот и интервјуто се објавуваат на интернет страницата на Основен кривичен суд Скопје ( www.osskopje1.mk).

Кандидатите кои ќе ја поминат административната селекција полагаат писмен испит во просториите на Основниот кривичен суд Скопје. Базата на прашања за полагање на писмениот испит, потребната литература, како и пријавата за вработување на судски службеник достапна е на интернет страницата на Основниот кривичен суд Скопје (www.osskopje1.mk)

ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ